Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-3893
20-04-2022 год.
СКОПЈЕ

В Врз основа на член 37 и 78 од Статутот на ГД Гранит АД Скопје и член 7 и 27 од Деловникот за работа на Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје, Надзорниот Одбор на 8-мата редовна седница, одржана на ден 20.04.2022 година, му предалга на Собранието да ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. **СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Службата за внатрешна ревизија за период од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година.

2. Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно Член 415-а од Законот за Трговски Друштва, Службата за внатрешна ревизија го изработи Извештајот на работењето на истата во текот на 2021 година и го достави на одобрување до Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје. Во Извештајот, Службата за внатрешна ревизија ги има презентирано активностите кои ги има преземено во текот на 2021 година во поглед на ревизијата над законитоста, транспарентноста, правилноста и ажурноста во работењето на Друштвото. Дополнително, Службата известува и за следењето на усогласеноста на севкупното дејствување на Друштвото во согласност со Кодексот за корпоративно управување. Надзорниот Одбор констатира дека Службата за внатрешна ревизија делувала во согласност со принципите и стандардите за внатрешна ревизија, како и во согласност со политиката и процедурите за работење на Службата и од таа причина Надзорниот Одбор предлага Собранието на Акционери да го усвои Извештајот за работењето на Службата за внатрешна ревизија за 2021 година.

**Претседател на Надзорен Одбор**
**Ивана Милковска – Симева**

________________________

Градежно друштво ГРАНИТ АД Скопје

Доставено до:
- Собрание на акционери
- Управен Одбор
- Служба за внатрешна ревизија
- Сектор за правни, кадрови и општи работи
- Сектор за финансии
- А р х и в а